РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-2691/4
20 -09- 2019

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26 и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на дваесет и втората седница одржана на ден 17 септември 2019 година донесе

**Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службено лице - Министер во Владата на Република Северна Македонија, бидејќи не е утврдено влијание од страна на именувано лице при постапка за доделување на стипендии за школување во странство на негово блиско лице, кои ги доделува Министерство за образование и наука.

Предметот со број 09-2691/1 од 14.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-2691/1 од 14.05.2019 година е оформен врз основа на добиена анонимна пријава, а се однесува за постапка за утврдување постоење судир на интереси при постапка за доделување на стипендии за школување во странство на блиско лице на именуваното лице, кои ги доделува Министерство за образование и наука.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Министерство за образование и наука, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 17 септември 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи добиени во постапката, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот, бидејќи сите кандидати кои ги исполниле условите по распишаниот оглас за

доделување на стипендија за школување во странство се примени, односно блиското лице на именуваното лице ги исполниле бараните услови во наведениот оглас. Именуваното лице не било вклучено во ниту во еден сегмент од постапката за доделување на стипендии.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Одлучено на ден 17 септември 2019 година под бр. 09- 2691/4.**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Владимир Георгиев**